**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 септември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 23,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дваесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кенан Хасипи, Стојан Андов, Тито Петковски, Соња Мираковска, Лидија Митева, Љубисав Иванов Ѕинго, Фијат Цаноски, Миле Андонов, Весна Бендевска, Славица Грковска Љошкова, Цветанка Иванова, Горан Сугаревски, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев и Радмила Шекеринска,ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

За седницата известени се претседателот на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, од нив за предлогот гласаа сите 57 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Молам, службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 87 пратеници, полноважно е гласањето.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Барање за одобрување притвор на пратеникот Џемаили Хисен, од с. Вејце Тетово поднесено од Основниот суд Скопје И, заведено под И КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година.

2. Барање за одобрување притвор на пратеникот Хајрула Мисини од Куманово поднесено од Основниот суд Скопје И заведено под И КИОК број 25/08 од 25 септември 2008 година.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од нив за дневниот ред гласаа 59 пратеници, од гласањето се воздржа 1 пратеник, против гласаа 2 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминеме на расправата по точките од дневниот ред ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Координаторите на пратеничките групи можат да се пријават за збор и во текот на претресот.

Листата на пратениците не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено, Ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, известителот на работното тело 10 минути, координаторот на пратеничката група, може да говори повеќе пати но не повеќе од 15 минути вкупно.

Пред да преминеме на првата точка, за процедурално е јавен господин Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам, почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Мојата процедурална забелешка претседателе е до вас. Мислам дека требаше пред да преминете на утврдување на дневниот ред за оваа седница да соопштите на нас и на македонската јавност, која е причината за вакво итно свикување на седница на Собранието на Република Македонија во 23 часот и по кој повод барате прв пат во историјата на Собранието на Република Македонија, седница да се одржува олку доцна.

Цениме дека со ваквиот обид сакате на некој начин да ја избегнете дебатата, по однос на прашањето за барањето на судовите за одобрување на притвор на колегите пратеници и дека сакате едноставно, да ја спасите коалицијата која што ја имате со ДУИ. Ако веќе еднаш се извинивте и признавте дека грешите и ги кршите процедурите, сметаме дека со ваквиот начин на свикување на седници ќе треба да се извините, затоа што ги злоупотребувате процедурите и деловничкото право и во 23 часот свикувате седница.

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, вие ја злоупотребувате процедуралната забелешка. Кажете во што е суштината на процудуралната забелешка.

**Марјанчо Николов:** Барам од вас да ми објасните зошто во 23 часот ја свикувате седницата, ако согласно поднесените барања до Собранието на Собранието на Република Македонија, од страна на надлежните судови за симнување на имунитетот на колегите пратеници, на господинот Хајрула Мисини е поднесен на 25.09, три дена истекуваат на 28.09 во 20 часот истекува рокот.

За господинот Хисен Џемаили, барањето е поднесено на 24.09, три дена истекуваат на 27.09 во 17 часот.

Значи, барам од вас да објасните зошто го свикавте Собранието во 23 часот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Општо познато е, не знам и за вас колега, мислам дека сите притворски предмети имаат итна постапка и такво е барањето од страна на надлежниот суд и исто така согласно Деловникот е барањето за итно постапување. Затоа свикав итна седница.

За процедурално се јави господинот Сулејман Рушити, повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас сакав порано да земам збор процедурално. Мислам дека во прв ред оваа седница, или оваа с в ечена седница е седница која што воопшто не треба да се случи во прв ред. Значи, во оваа прилика парламентарната Комисија за мандатно имунитетни прашања направи прекршување на еден познат закон за амнестија и сигурно ние како пратеници и понатаму ќе продолжиме да правиме прекршување на овој закон, затоа што сите правници знаат дека е лекс специјалис и мислам дека точките на оваа седница се напразно поставени и нема потреба да дискутираме за нив.

Но сепак, бидејќи ова се стави на некој начин на дневен ред како прашање за дискусија и поради итната покана и малото време што ние како пратеници го имавме за подготовка и за добивање на потребната документација, да добиеме примерок на Законот за амнестија што е многу значаен закон за нашите натамошни дискусии за овие две предложени точки, јас барам пауза од 30 минути и примерок за пратениците и за мене, за мојот колега од Нова демократија, затоа што мислам дека е многу потребно, ние да го имаме тој закон пред нас пред да дискутираме во однос на точките кои се на дневен ред. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

(Се слуша дофрлање од место од господинот Владо Бучковски)

Господине Бучковски да се сослушаме. Прво, тој е пратеник кој не е член на пратеничка група. И ним им следува процедурално, и ве молам, немојте од место да дофрлате. Без нервоза. Од место не дофрлајте.

Со оглед на тоа што колега Рушити, по барање од координатор на пратеничка група, може да се даде пауза, вие немате пратеничка група и не сте член на пратеничка група, а согласно Деловникот имате право процедуралните забелешки да ги истакнете, не може да побарате согласно Деловникот, пауза.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 1 - Барање за одобрување притвор на пратеникот Џемаили Хисен, од с. Вејце Тетово поднесено од Основниот суд Скоје И, заведено под И КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година.**

Барањето на Основниот суд Скопје И, заведено под И КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година, Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија Ви се поделени.

Врз основа на член 54 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Собранието најдоцна во рок од 3 дена од добивањето на барањето на Основниот суд И, одлучува по поднесеното барање.

Отворам претрес.

Пред да започнеме со претресот ве молам и барам во вашите дискусии да се воздржите од квалификации и оценки со кои на пратеникот, а со тоа и на Собранието ќе му се наруши уставната положба, ќе доведе Собранието да навлезе и да ја повреди независноста и самостојноста на судската власт, како и да се навреди и наруши личноста и дигнитетот на функцијата пратеник.

Доколку не се придржувате кон овие укажувања ќе бидам принуден согласно член 90 од Деловникот на Собранието да му го одземам зборот на говорникот.

Ги повикувам пратниците кои сакаат да говорат по претресот да се пријават за збор.

(Тече минута на чекање)

За збор се јавија Јован Манасијевски, Николовски Александар, Андреј Жерновски, Владо Бучковски, Роза Топузова-Каревска, Станковиќ Емилијан, Сулејман Рушити, Ѓорѓи Оровчанец, Горан Минчев, Ивановски Игор, Јани Макрадули, Рафис Алити, Мисовски Горан и Зумбери Абедин.

Пред тоа за процедурално се јави господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Претседателе, уште еднаш би ве замолил да ни објасните убаво зошто е потребата Собранието да заседава во 23 часот. Она што го кажавте во вашето излагање, буквално не е никакво објаснување за еден претседател на Собрание на Република Македонија. Ако вие сакавте денеска да има седница и да одлучуваме по итноста на барањето на судот, имавте можност во текот и на вчерашниот ден и на денешниот ден да ја свикате оваа седница на Собранието. Цело време тактизиравте и со седницата на Комисијата, ја закажувавте намерно попладне, а сега се надминавте и седницата на Собранието ја закажавте во 23 часот. Заради јавноста и заради нас како пратници, уште еднаш барам да ни објасните зошто во 23 часот. Дали ако се одобри симнување на имунитетот на колегите пратеници после тоа тие право ќе заминат во притвор и поради тоа е итноста. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Јас еднаш објаснив. Ви кажав за да можам да закажам седница на Собрание, треба да имам извештај од Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Јас го добив тој извештај во 18,30 часот и врз основа на тој извештај ја закажав оваа седница.

Има збор господин Јован Манасијевски, повелете.

Се извинувам колега, бидејќи колегата Александар Николоски како известител, односно еден вид предлагач има право понапред да зборува. Се извинувам. После вие ќе добиете збор.

Повелете господине Александар Николоски.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе, почитувани колеги,

Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија денеска одржа седница по однос на барањето за одобрување притвор на пратеникот Џемаили Хисен од село Вејце, Тетово, поднесен од Основниот Скопје И, претседател на совет судија Горан Бошевски и врз основа на член 53 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го доставува следниот извештај:

Во Извештајот помеѓу другото наведуваме дека во расправата, покрај претседателот на Комисијата учествуваше пратеникот господин Хисен Џемаили, кој што во својата дискусија, по однос на барањето на Основниот суд, јасно искажа дека нема да се повикува на пратеничкиот имунитет кој го има како пратеник во Собранието на Република Македонија и дека на поканите на судот на закажаните рочишта уредно ќе се јавува.

Согласно дискусијата на пратеникот Џемаили Хисен, Комисијата за деловничко и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да го одобри барањето од Основниот Скопје И, претседател на совет судија Горан Бошевски, заведено под И КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Внимателно го слушав претседателот на Комисијата и не разбрав, бев доведен во заблуда затоа што од 17 часот наваму, гледав многу информативни емисии и сега ова што го кажа е сосема спротивно од она што го кажа пред јавноста. Во сите утрешни весници насловот е дека пратениците се откажаа од имунитетот, а знаеме дека пратеникот не може да се откаже од имунитетот. Не би можел да ја врши својата функција ако се откаже од имунитетот. Така што, да ги појасниме работите, затоа што и тој говори дека на крајот било заклучено да се прифати барањето. Што се плашиме да спомнеме за што беше барањето. Значи, Комисијата ни предлага нас да донесеме одлука со која ќе овозможиме судиите да изречат мерка притвор за колегите. Тоа ли сакаше да ни каже колегата Николоски. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Се јавувам за реплика во однос на дискусијата на колегата Николоски, слично како што и мојот колега Бучковски. Практично, тоа е прашање што ја интересира целокупната јавност.

Сите медиуми јавија дека после излагањето на нашиот колега, ќе се обидам да не зборувам со имиња бидејќи тоа го побаравте вие претседателе од нас, Комисијата заклучила дека не треба да се расправа воопшто.

Сега гледаме зошто седницата е закажана во 23,00 часот, затоа што Комисијата одобрила барање за одредување мерка притвор за нашиот колега.

Но, репликата моја во овој момент што следи, дали на Комисијата имаше гласање за ова? Дали господинот Николовски од овој момент има легитимитет да биде претседател на една таква значајна Комисија која што ја обманува јавноста? Дали ги ставил во заблуда членовите на Комисијата, дека нив им предложил едно, а ова го напишал друго? И, сега се наоѓаме во една ситуација каде што целокупната јавност во Македонија, пред да се излезе во петок навечер, пред да излезат надвор како семејство и да прошетаат, ние дознаваме дека е одобрена мерката притвор за наш колега.

Мислам дека претседателе на Собранието ова не смееме да го дозволиме. Ваквиот процедурален трик, што сега од еден млад колега тука го гледаме. Па ние знаеме како се носеле мерките, барањата од судот и како се реализирале. Тука има експерти. Гледам Тушева, Ѓорчев, Анета Стефановска. И, сега одеднаш, тие на сите медиуми спинуваат дека ништо не се случило на Комисијата, но сите гледаме дека болдирано, со фонд 14-ка ова е напишано, дека одобруваат мерка притвор.

Кога ќе бараме од Европа да не признае како правна држава, кога некој мисли дека со трик, во 23,00 часот ќе ги исполниме критериумите дека имаме правна држава во нашата држава?

Затоа претседателе и мојата реплика кон господинот Николовски, дали Комисијата денеска гласаше за одобрување мерка притвор за нашиот колега? Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господиниот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Извештајот на Комисијата е согласно Уставот, Деловникот и она што се случуваше на Комисијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Збор има господин Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Почитуван господине претседателе, почитувани колеги пратеници,

Оваа денешна седница, покрај процедуралната обрвска, за жал, претставува еден жален обид за манипулација со јавноста. Дел од тоа сценарио веќе беше спомнато од колегите кои дискутираа пред малку со реплика и штета што, господине претседателе, не одевте до крај, наместо во 23,00 часот можевте во 02,00 или 03,00 часот по полноќ да закажете седница, ќе имавме уште помала

гледаност. И, веројатно обидот да се сокрие ова што се случува ќе беше и за нијанса поуспешен.

При тоа, ова се случува во услови кога Собранието, за жал, цел месец не работи, а потоа во 23,00 часот се закажува седница.

Можеби, најсоодветен начин да ги искористам овие куси 10 минути за почеток на моево обраќање е да се почне со едноминутно молчење за конечниот покој на македонското судство. Затоа што ова што се случува во моментот е финален удар врз македонското судство. И, за тоа има повеќе од очигледни докази. Дури, се оди до таму да и самите политичари не се стеснуваат, па во утрешното издание на “Дневник” стои, цитирана изјава на висок функционер на ДУИ, цитирам: “дека се планира Хашките случаи да се затворат со политички договор”.

Значи, ова е финален удар врз нашето судство. Не дека нашето судство до сега беше во некоја извонредна кондиција. Нашето судство беше во кома. Тоа најдобро се гледаше преку постапувањето со градоначалникот на Струмица Заев кога вон сите стандарди, со преиначување на одлуките и непочитување на претходните истанци, господинот Заев беше бутнат во притвор.

Се соочуваме, значи, со еден страшен, невиден притисок врз судството. Ваков притисок, верувам дека господинот Маневски не вршел дури ни како член на последната комунистичка влада. Притисокот, слободата да се јавува, да се заканува во име на премиерот, што ја има сега е поголема отколку во последната комунистичка влада на тогашниот премиер Гоговски.

Барањето што е доставено и неговиот текст, особено за пратеникот колегата Џемаили е навреда за интелегенцијата на пратениците. Ќе ми дозволите само да прочитам еден дел од тоа барање. Цитирам:

“На 16.09 во попладневните часови и на 17.09, претседателот на Советот, преку електронските медиуми се стекна со неофицијално сознание дека лицето е пратеник во Собранието, па потоа, дури после 8 дена, на 23.09 оваа неофициално сознание станало официјално затоа што дури тогаш стигнал официјален одговор од Собранието”.

Значи, на нашето судство, на нашиот претседател на Советот му требале 8 дена да утврди, од првичното неофицијално сознание, дали некоја личност е пратеник или не во Собранието.

Фарса, почитувани колеги. Типична фарса. Се купува време во кое што ќе се постигне овој политички договор за кој што се говори јавно.

Оттаму, сите, навистина, не треба само да бидеме загрижени, туку преплашени, како граѓани на оваа држава, под каков притисок работи нашето судство и како секојдневно се инструментализира.

Ставот на мојата прартија, на ЛДП е дека секое злосторство, секоја повреда на хуманитарното право мора да се санкционира во соодветна, пропишана процедура. Не селективно. И, оттаму, од колегите од пратеничката група на ДУИ би побарал, наместо да застанат во обид за заштита, напротив, да бидат офанзивни, да побараат процесуирање и на други случаи, каде имаше повреда на хуманитарно право, а каде жртви беа Албанци.

Покрај овие 4 случаеви, што се вратени од Хаг, што мора да се процесуираат, треба да се процесуира и случајот на киднапирање и по се изгледа ликвидирани Албанци во време на конфликтот. Тоа треба да го побарате почитувани колеги од ДУИ. Тоа нема да му биде драго на централниов дел на собраниската сала. Затоа што очигледно е и сите индиции говорат дека во таа повреда на хуманитарното право, во тоа злосторство учествувале видни припадници на сегашната владеачка партија.

Значи, не треба да биде линијата на настапување одбрана. Туку, линијата на настапување треба да биде се каде има повреда на хуманитарното право, каде има злосторство, да се санкционира. Не селективно. И тука, за такво ваше барање ќе имате апсолутна подршка од мене и од мојата партија. А, ако вие тоа не го направите, јас лично ќе го побарам. Затоа што нашата држава, од лузните на тој конфликт може да се извлече само со неселективно санкционирање на сите случаи. И, тоа е единствениот можен рецепт.

При тоа, сакам да кажам дека како колега на пратениците за кои се однесува ова барање, верувам дека навистина немаат ништо со овие случаи, меѓутоа процедурата е јасна. Во каква-таква кондиција, нашето судство, низ судските институции тоа ќе мора да се докаже. До тогаш, додека не се докаже, јас принципиелно ќе застанам во одбрана на нивното право на презукција на невиност.

Меѓутоа, уште еднаш потенцирам, не треба линијата да биде таа, дефанзивна, туку треба сите злосторства што се сторени во 2001 година да се санкционираат. Само така ќе успееме да ги залечиме раните од конфликтот, само така ќе се наметнеме како држава во која што владее правото и институциите.

Во оваа прилика сакам да го повикам најодговорниот  за оваа рашамонијада, за овој притисок, премиерот Груевски да се појави, да не се крие. По три пати, четири пати, пет пати дневно го гледаме за разни дребулии дава изјави. За вакво крупно прашање никаде го нема.

Господине Груевски, тоа што го нема во јавноста, немојте да мислите дека го нема реално, во суштинските процеси, работи премиерот зад сцена, преку министерот Маневски се врши страотен притисок на сите ланци во судството, го повикувам премиерот да излезе од молкот, да излезе од илегала, да дојде тука во Парламентот или, ако му е тука непријатно да се соочи со пратениците, нека даде изјава. Да им објасни на граѓаните на Република Македонија, на оние несреќни градежни работници, силувани, тетовирани, резбарени, понижени, дека тие не се

битни, дека нивната болка не е битна, туку е битно ВМРО да има и градоначалник на Скопје, со гласовите на ДУИ на претстојните локални избори. Да им објасни на кумановци кои неколку месеци беа изложени на здравствен и хуманитарен терор дека тоа што го поминале не е битно, битно е ВМРО да има градоначалник на Куманово со подршка на ДУИ. Да им објасни на фамилиите, кои редовно ги прима, на киднапираните и по се изгледа ликвидирани Македонци од тетовскиот крај дека нивната болка, нивната сатисфакција, нивното барање на правдата не е битно, битно е претседателот на државата на претстојните избори да биде од ВМРО-ДПМНЕ, подржан од гласовите на ДУИ. Тоа треба да им го објасни на граѓаните на Република Македонија премиерот Груевски. И, да видиме како ќе помине.

Нема да ви успее вашата тактика на тефлон-настап дека секој напад ќе се одбие од вас ако во прав момент се изместите. Треба, господине премиер да излезете, јавно да го соопштите вашиот став затоа што ова е клучно прашање.

Ги нема веќе Тачи и Елмази да ги вршат валканите работи, да ги полнат гласачките кутии. Сега треба да се најде нова жртва што ќе овозможи ВМРО-ДПМНЕ да има градоначалник и во Скопје, Куманово, да има претседател...

**Трајко Вељаноски:** Колега, најмалку зборувате за точката од дневниот ред.

**Јован Манасијевски:** Говорам за суштинската мотивација господине претседателе, зошто е постигнат политички договор. И, не е политички договор, тоа е еуфемизам. Ова што е постигнато е криминален договор. Секој договор што заштитува криминал и злосторство тој е криминален договор и тој не може да биде политички договор.

Оттаму, инсистирам премиерот, како најодговорен политичар во оваа држава да даде одговор на овие прашања.

Благодарам за вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господин Жереновски Андреј, повелете.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Очекував дека ќе имам кого да поздравам од Владата на Република Македонија, но Владата на Република Македонија денеска не е присутна во ова Собрание, на чело со премиерот, да ни објасни што се случува овде, каков е политичкиот договор и зошто во 23,00 часот односно во 10,00 часот пред полноќ имаме седница што е чиста фарса, седница што го понижува Собранието на Република Македонија, што ги понижува граѓаните на Република Македонија и што на виделина вади што всушност се случува денеска како политички договор помеѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ.

И, ќе продолжам таму каде што застана мојот колега, зошто премиерот Груевски денеска не е присутен? Тој треба да биде прв, да се јави за збор и да каже што е суштината на овој договор, зошто се прави овој договор и кој го прави овој договор? Затоа што имаме премиер кој знае да излезе, да се пофали со вештачки факти, но никако не може да го најдете кога треба да соопшти еден политички договор. И никогаш нема да го видите во јавноста кога имаме проблематична...

**Трајко Вељаноски:** Колега, се извинувам, стопирајте го времето.

Се извинувам, нема што да се повикува...

**Андреј Жерновски:** Ви стана навика да се извинувате.

**Трајко Вељаноски:** Да кажам.

Нема потреба што да ја повикувате Владата. Вие сега сакате Владата да се меша во судските предмети.

Имаме барање од судот, надлежен орган, а тоа е судот...

**Андреј Жерновски:** Да.

**Трајко Вељаноски:** И ние треба по тоа да постапиме. Вие сакате сега...

**Андреј Жерновски:** Ќе може ли да продолжам по оваа точка да дискутирам?

**Трајко Вељаноски:** ...Владат да се меша во работата на судот?! Мислам дека не е во ред. И би ве замолил да продолжите по точката...

**Андреј Жерновски:** Вие не можете да ми забраните да зборувам за Владата на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** ...од дневниот ред.

**Андреј Жерновски:** Второ за кое што ќе зборувам овде после Груевски сте вие.

Вие треба да си дадете оставка. Вие треба да си заминете и ќе ви кажам зошто. Вие не можете да го водите ова Собрание. И, како што се извинувавте (дофрлања)...

Па, ако се смеете. Тоа е проблемот. Вие се смеете овде, се извинувате пред амбасадорите. Кога вие се извинувате, моето достоинство како пратеник го достигнува дното. Вие не можете да го водите Собранието на Република Македонија и тоа треба да го знаете. Затоа што ако не можете да го водите ова Собрание, тогаш препуштете го тоа да го прави некој друг. Затоа што, ако имаме Собрание...

**Трајко Вељаноски:** Колега, продолжете по точката од дневниот ред. Точката на дневниот ред...

**Андреј Жерновски:** Точката на дневен ред е следна...

**Трајко Вељаноски:** ... е Барање за одобрување на притвор...

**Андреј Жерновски:** ...Дигнитетот на Собранието е нарушен...

**Трајко Вељаноски:** Ве молам продолжете, да не го применувам членот 90 од Деловникот.

**Андреј Жерновски:** ...Собранието е служба на Владата на Република Македонија, благодарејќи на вас. И, ако имате доблест ќе го направите тоа,

затоа што сите сакаме да имаме Собрание како што доликува на оваа земја, на Република Македонија.

Затоа што е јасно од кого добивте наредба и јасно е чија идеја овде спроведувате.

И овој политички договор што е фарса, мора да го види македонската јавност. И дали мислите дека на овој начин ќе ја вратите судбината на ова Собрание или дигнитетот со она што се извинувавте пред амбасадорите, кога ветивте дека повеќе нема да има вакви работи, како ова што е денеска во моментов. И, ви стана навика, вам, како претседател на Собранието и на вашата пратеничка група да секогаш кога е густо, кога имате проблем да организирате седници во 18,00, во 19,00 часот, а сега и во 23,00 часот. Зошто? За да не може македонската јавност да види што се случува.

Што мислите, до кога ќе успее тоа? Македонската јавност го гледа ова што се случува. Ако не денеска, медиумите што се присутни ќе го пренесат тоа утре. И во 02,00 часот и во 03,00 часот да го направите, тоа не можете да го сокриете.

Со ова, денеска што го имаме на дневен ред, се покажуваат две работи: спрегата што постои во Република Македонија, како никогаш до сега, влијанието на политиката на Владата врз судството, спрегата политика-судство и нешто за што вие, втора точка, како партија во опозиција инсистиравте патриотизам, патриотизам, патриотизам. ВМРО-ДПМНЕ кој одлучно ќе се спротистави на ДУИ, на криминалците, на терористите итн. Да видиме што се случува денеска.

Целата македонска јавност вклучувајќе не и нас, можеше да види како два дена се тактизира, на чело со претседателот, младиот претседател на Деловничко и мандатно иимунитетната комисија, кога упорно и упорно, се одложува точката од дневен ред, во спрега со судството што едвај чека да се спроведе политичкиот договор, каде што пратениците посочени овде ќе се откажат од својот имунитет.

Меѓутоа, дали бевте такви кога бевте во опозиција и дали бевте такви пред парламентарните избори, кога за еден друг пратеник од опозицијата, кога за македонски политичар и довчерашен премиер знаевте експресно одлука да донесете. Како имате различни аршини за Македонците во ова Собрание, а имате други аршини за Албанците во ова Собрание? Или, битен е политичкиот дијалог овде?

Тогаш знаевте да удрите на маса, да кажете - нема соработка со овие луѓе, овие луѓе треба да ги снема од политичката сцена, овие луѓе треба да одговараат пред македонските закони. Денеска се случува друго.

Но, јас го знам искуството за ВМРО-ДПМНЕ, кои се патриоти во опозиција, меѓутоа први поданици кога се на власт.

Вие, почитуван претседателе, да не должам, за тоа што е јасно и не знам што друго повеќе да кажам, ако сакате да имаме Собрание како што треба, Собрание што ќе ја контролира работата на Владата, Собрание што ќе го повика премиерот, кој и да е во моментот, тогаш ќе си заминете и ќе дозволите да застане некој друг кој нема да прави седници во 23,00 часот, кој нема да носи закони по итна постапка, кој нема овде да биде голем политичар, па потоа пред странските амбасадори да се извинува. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Ова е уште една епизода од она што ни се случува, за жал, на Македонија, под владеењето на ВМРО-ДПМНЕ.

Почитуван претседателе Трајко Вељаноски**,** Се надевам дека ќе му укажете на помладиот колега, како што вие сфативте дека правите грешка или правевте грешки, дека ова што го прави е спротивно на Уставот, Законот и Деловникот.

Колешката што седи во првиот ред, на мојот случај направи кариера, стана потпретседател на Парламентот, кога на не завршено гласање донесе одлука на Парламентот. Вие денеска колега, млад колега, исто така не само што ги излажавте члековите на Комисијата, ја излажавте македонската јавност. Ве слушнав со моите уши, видов со моите очи кога рековте дека е ова безпредметно, а сте напишале овде дека давате предлог да се одобри мерката притвор. Вие всушност не ја завршивте Комисијата. Вие треба да се вратите таму, да дозволите дебата и да ги подучите колегите дека некој лошо ги учи. Значи, судијата се обраќа на Парламентот, од парламентот бара одобрение, не бара одобрение од колегите тие самите да дадат изјава пред вас или пред нотар или пред судија. Тоа може само во случајот на еден друг колега, кој има веројатно повешти советници и ќе го спомнам, колегата Талат Џафери, сосема друг случај, како што беше случајот на Весна Бендевска која ја малтретиравте заради суетата на еден ваш министер. Може пратеник секогаш да се повика на имунитетот за водење на кривичната постапка. Тоа е нешто сосема друго. Тоа го направил колегата Талат Џафери, но таа своја изјава што ја дал усно, после ја отповикал писмено и таму е завршена приказната. Но, кон овие коелги имаме барање за одредување на мерка притовр. Вие не можете да одлучите дека е беспредметно. Треба да образложат, да кажат дека со своето поведение нема да влијаат на сведоците, нема да ги потплатат овие кутри работници од Маврово, нема да ги заплашат, нема да се дадат во бекство и дека нема некои други работници да ги малтретираат така. Тие се, колега, основите зошто бара некој да оди во притвор, а не вие да пресудувате овде дека требало или не требало, предметно било или безпредметно. Катастрофа. Каде ти е дипломата, бре, Трајко Вељаноски!

Дозволуваш на оваа седница да говориме за нешто што апсолутно го руши понатаму дигнитетот на Парламентот. Па, ние немаме одлука на Комисијата. Колегата кажува дека било безпредметно, а не одржал седница. Колегите си прочитаа нешто, вешто можеби си купиле Време, не кажаа дали имаат намера како осомничени да се дадат во бекство, да направат повторување на делото, да заплашуваат сведоци, да уништат докази, заради тоа се бара мерката притвор. За вториот случај ќе говорам нешто друго, а за првиот случај е карактеристично, затоа што веќе имаме започната постапка пред судот. Имавме едно неуспешно рочиште и треба да бидеме свесни, а и ДУИ веројатно треба да биде свесен со одлуката вечерва, ќе ја достави одлуката потоа Трајко Вељаноски до судијата Бошевски и ќе треба колегата да бира или самиот да замине на издржување на казната , сега е тоа веќе, притворот не е мерка за обезбедување, казна е, и ќе си седи таму додека не заврши случајот. Веројатно, знаете вие колеги или пак нешто некој ви ветува дека политички можете да се договорите. Нема договор. За вториот случај ќе направите спротивно од она што му правевте на Заев, таму веќе има кривичниот Совет нешто што може да прави.

Да не должам многу, мислам дека оваа седница како прво е неподготвена. Ако ви беше целта да ја закажете на полноќ и да не види македонската јавност, ние можеме да издржиме и до сабајле, утре може повторно до 17,00 часот имате време да не слушате и одлуката ќе ја донесете онака како што предлага ВМРО-ДПМНЕ. Значи, колегата икс и ипсилум треба да биде во притвор. Дајте да говориме отворено. Нема потреба на овој начин, претседателе на Собранието, да се правите недоветни. Јавноста ви кажа и амбасадорот Фуере, може да ја манипулирате, но не ги потценувајте македонските граѓани. Еден новинар да беше, беше доволно. Дојдоа десетмина, има 10 камери и да биде оваа седница и до сабајле, она што сакате да го направите, ќе остане забележано, а тоа е дека и понатаму влегувате во, како што рече колегата Јован Мансиевски, криминални дејанија. Ова е криминал. И, некој не прави нас сите овде дека треба да бидеме соучесници. Значи, дојдовме како прво извикани од дома итно за да ги чуеме колегите за нивната изјава дека ќе се оди на рочишта, кои рочишта, го викаат колегата да издржува превентивна мерка притвор за да не влијае, не го викаат на рочиште. На рочиште си беше Талат Џафери и си заврши работа. Овде имаме сосема друга ситуација и зошто се плашите дека ДУИ ќе излезе од коалиција, па нека излезе, нели сте токму, 60 и кусур сте. Еве ви го Имер Селмани и уште тројцам таман ќе имате некој Албанец во власта. Терајте така ако сакате. Тоа ли сакате да направите, а ви е страв да кажете дека ќе почнете еден по еден да ги притворате и дека следниот, четвртиот случај е дека сакате да го притворите Али Ахмети. Кажете го тоа, колеги, па вие сте претседател на Комисијата. Ако треба тоа да биде крајната одлука од вашата краткотрајна љубов, кажете, а ако е друго дека имате политички договор, да си играте мајтап со јавноста, тогаш уште еднаш повторувам, ова е груба злоупотреба, ова е криминал. Ова е тежок криминал. Не само што вршите притисок на судиите, туку се обидувате сега да манипулирате и со Законот и со Деловникот. Да не одржите расправа што е итна, сега ве закопа изјавата ќе ја користиме на Трајко Вељаноски, тој рече итна била постапката. Вие 48 часа манипулирате. Одложивте еднаш седница, пауза дадовте, денеска ја закажавте, ја презакажавте и на крајот не дозволивте да се гласа, не дозволивте да се расправа, со што грубо го прекршивте деловникот и вашите надлежности. И, најмалку што требаше од вас да побара претседателот на Парламентот, затоа што не се снаоѓате, а тешко му е да се извинува за се и сешто, најдобро беше вечерва да си поднесете оставка или сакате да се praвите поместувате. Колешкава, веројатно, ќе стане претседател на Парламент, па вие ќе седнете таму и ќе бидете потпретседател, така се редите, вие правите кариера само на личните трагедии на други луѓе. На тој начин, пуштајќи крв сакате да градите кариери. Добро, може тоа да го правите, но знајте, бидејки овде има паталци, нема да им гатаме што ќе му се случи на ДУИ, ДУИ треба да биде подготвен, не да се јави само еден, сите да говорат и да речат дека сакаат што побрзо да завршат овие судски процеси и да докажат дека се невини. Да докажат дека се невини, а не на овој начин, вие залажувајки ја македонската јавност и со притисоците да ги ставите ад акта случаите. Па, вие, јас отворено му кажувам на колегата кој вечерва Ќе го пратите во притвор, нема да излезе од притвор, затоа што има 23-ца таму обвинети, никогаш не ќе ги соберат и случајот ќе трае две години. Нека знае и ДУИ, нека знае и Али Ахмети. Вие сакате преку притворот, притоворот да ја замени затворската казна. Но, делот од левата страна нема да дозволи вака лесно да ви помине ова сценарио.

Како прво, ако беше фазата да разобличиме што беше одлуката на вашата Комисија, која до вечерва не ја слушна македонската јавност, видовме дека вие го прифаќате барањето и ви е страв да споменете, да го цитирате сето до словце барањето. Вие одобривте како Комисија мерка притвор за пратеник на ДУИ, за првиот случај, а потоа и за вториот. Но, има голема разлика. Ова има веќе судски процес, а вториот е во истрага. Затоа, почитуван претседателе, предлагам да ја прекинеме седницата, нека си се врати коелгата или ако е депримиран неговиот заменик нека си одржи Комисијата еден состанок како што треба, нека си кажат таму се што треба, имаме за првиот колега, рокот е до утре, до 17,20 часот да донесеме одлука. За тој другиот што е во истрага има време до задутре до 20,00 часот, нема потреба од вакви циркузи, затоа што на крајот не заборавте, можеби циркусот ќе ви патува, но не заборавте дека тој карван ќе го следат едни, условно речено, “поинакви

опозиционери кои нема само да лаат". Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Почитуван претседателе, се надевам дека ќе останете доследен на себе си и во вашиот новостекнат манир уште утре ќе излезете пред македонската јавност и ќе ја признаете и оваа грешка што ја направивте вечерва со свикување на седницата во 23,00 часот, при тоа без ниту една деловничка потреба оваа седница да биде свикана токму сега. Ако мислите дека и понатаму ќе продолжите со вашите итроштини и скапо платените реклами со парите од граѓаните да ја лажете македонската јавност и да ги лажете граѓаните, уште многу кратко време тоа ќе ви успее кај некои, а кај некои граѓани веќе и не ви успева. Токму поради тоа, почитуван претседателе, мислам дека е најдобро да ја прекинеме оваа фарса Што вечерва се случува во Собранието на Република Македонија. Македонските граѓани не заслужуваат да ги лажеме на ваков безочен начин. Излезете и јасно кажете, политичкиот договор кој што и го најави еден претставник од ДУИ е веќе постигнат. Овие луѓе ќе бидат ослободени, се е договорено и зошто сега да ја залажуваме македонската јавност. Токму поради тоа што гледам дека немате пријавено ниту еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, освен изјавите, контрадикторните изјави на претседателот на Комисијата за деловничко имунитетни прашања, кој што едно направи на Комисијата и ја излажа безочно македонската јавност, овде кажа сосема друго без да почувствува ни малку срам, со невидена леснотија се впуштате, ја впуштате Македонија во една политичка криза.

Почитуван претседателе, со тоа што не се пријавени пратениците од ВМРО-ДПМНЕ , очигледно дека ви се брза во ноќните часови да ја затворите оваа дебата, да ги реализирате сите договори политички со оние со кои што до вчера вие самите ги нарекувавте терористи, а сега наеднаш ги нарекувате борци за човекови права. Токму поради тоа јас ќе се откажам од останатото време и од мојата дискусија и ќе ви дадам можност што е можно побрзо да го реализирате договорот и да ги исполните сите ветувања кои што сте ги дале пред Демократската унија за интеграција. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Станковиќ Емилијан, бидејќи не е тука го губи правото на збор.

Следниот за збор е господинот Рушити Сулејман, повелете.

**Сулејман Рушити:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Уште еднаш неслучајно во мојата процедурална забелешка во која побарав да се фокусираме и ова прашање да се фокусира кај Законот за амнестија и во мојава дискусија ќе нагласам, Ќе ви го освежам сеќавањето дека ова прашање, кое за жал успеа да дојде до пленарна седница, овие две точки од дневниот ред односно барањето за притвор на двајца пратеници, да имаме пленарна седница во однос на ова прашање е прв чекор што ова Собрание и овој Парламент ја отвора Пандорината кутија. Мислам дека треба да бидеме многу посериозни во нашите оценки и мислам дека треба да ја анализираме општо состојбата и мислам дека во ниту едне начин воопшто на ова Собрание на Република Македонија не му треба било некој кој ги нарекува сценарија, било да се тие сценарија, мислам дека не ни се потребни да отвораме вакви прашања. Како што сите знаеме и како што е известена јавноста Законот за амнестија по многубројни дискусии во времето кога се донесе по интервенцијата и барањата и гаранциите кои ги даде Меѓународната заедница, која овде во Македонија долго време инвестира оваа држава да стане и да се интегрира во Европската заедница и во другите западни структури, мислам дека не е сериозно да не ги почитуваме договорите, посебно да не го почитуваме договорот кој донесе условно речено до помирување на неколку заедници, на двете заедници во Република Македонија.

Почитувани колеги пратеници од ДУИ, посебно вие пратеници кои се откажавте од вашиот имунитет, мислам дека ова прашање не треба да му се пријде како прашање на доблест или бајрактеризам. Мислам дек аова прашање на ниту еден начин не смее да се третира дека ние сме невини и ова прашање Ќе го докажеме на суд. Прашањево е доста сериозно. Овие два случаи со Законот за амнестија не треба воопшто да се разгледуваат. Ние можеме да расправаме и за вакви други случаи кои сигурно дека со тоа што го спомнав претходно се отвори Пандорината кутија и други лица можат во иднина да се оштетат. Јас лично не знам дали имате политички договор. Посакувам да немате, бидејќи ова би било во полза на сите нас. Јас посакувам да нема договор, пратениците да се јавуваат на судски рочишта, не зависно каков ќе биде епилогот ако тие се осудат или ако тие се прогласат за невини. Самата процедура е тешко кршење на овој закон. Самат апроцедура, која за жал дојде да расправаме на оваа пленарна седница, сега е веќе Законот за амнестија не се почитува. Мислам дека овој Парламент е домот кој не само предлага и носи закони, туку треба да биде пример дека истите треба да се почитуваат.

Почитувани, мислам дека посебно пратениците на ДУИ треба јасно и отворено да расправате и да кажете да и укажеме на јавноста дека овие прашања немаат законска основа да се води расправа по истите, да не повторуваме уште еднаш, бидејќи ве уверувам дека во случајов на двајцата пратеници, членови на ДУИ ќе се отворат и други следни случаи кои вие ги знаете. Ако овие случаи, јас не би сакал да мислам дека

се дел од политички договори и овие политички договори до колку постојат ќе го оштетат интересот на Албанцит еод причини што уште еднмаш ќе повторам, ние немаме потреба по секој договор да правиме следен договор. Ако еднаш сме се договориле, ако еднаш имало помирување, општо помирување во Република Македонија, тогаш ве молам, и вас пратениците од мнозинството пратеници од ВМРО-ДПМНЕ и на коалицијата ВМРО-ДПМНЕ да отвпочнеме да ги гледаме работите напред. Македонија ја чекаат многу работи во нашата интеграција во ЕУ. Ние немаме потреба за вакви пречки, кои верувам и оценувам дека ни пречат. Ние имаме многу работа во изградбата на взаемното етничко разбирање кое за жал продолжува да биде кревко. Ние имаме многу работа да сработиме во нашиот пат кон евроатланските интеграции. Имаме многу да сработиме во изградбата и на нашиот пат кон европска интеграција. Имаме многу да сработиме како Република Македонија во создавањето на взаемната соработка во изградбата на добрososедските односи. Ние сигурно дека треба да се фокусираме во позитивните аспекти на регионалното взаемно постапување. Би било добро и сходно денес во ова Собрание да расправаме за прашања кои придонесуваат на аспектите и подобрувањето на меѓуетничката соработка и добрососедските односи.

Многу подобро би било вечерва, независно дека се доцни часови, да расправаме за признавањето на независноста на Косово. Да дадеме конкретен пример дека во Македонија се подобруваат од ден на ден не само меѓуетничките односи, туку Македонија катадневно чекори со сигурни чекори кон подобрувањето на добрососедските односи и регионалната соработка.

За жал, вечерва со политички договор, со ДУИ или не, вечерва Македонија повторно ја отвара Пандорината кутија  и ве уверувам доколку има некој политички договор почитувани колеги од ДУИ, мислам дека тој договор во прв ред ќе биде на штета на вашата партија. Сигурно бидејќи вие сте дел од актуелната Влада, сте тие кои ги застапувате и треба да ги застапувате интересите на Албанците во актуелната Влада, а ова што се случува вечерва ќе ги оштети исклучително многу интересите  на Албанците. Но не само на Албанците, ова што се случува вечерва во Собранието на Република Македонија ќе ја оштети Република Македонија. Ќе ги оштети сите позитивни процеси за кои сигурно дека секој пратеник, но и пратениците од минатите состави дадоа свој придонес и сакаат да не станеме залог на самите себеси.

За жал со вакви предлози, со селективна интервенција, со вакви селективни процеси на ниту еден начин не придонесуваме кон позитивните случувања.

Затоа ве молам и барам ако има некој договор да се преиспита истиот, бидејќи овој договор не е договор  е во ваша полза и  општа полза.

Доколку нема договор барам посебна од пратениците на ДУИ да го кажат тоа и овие прашања да не ги остават да се процесуираат.

Барам од сите пратеници да мислиме малку потрезвено, бидејќи ова не е прашање на внатре партиски договори.

Овие се прашања кои ние за жал сме ги доживеале, има договор за ова и не сакаме да се вратиме уште еднаш и да ги отвориме повторно. Има една мудра изрека народна “ На раната да не и додаваме сол”, бидејќи ако се вратиме на минатото сигурно дека од сите страни ќе има луѓе кои се оштетени. Ако перманентно се враќаме на еден историски момент од минатото ова ќе стане наш залог и нема да ни дозволи да чекориме напред. Ние сме за  прогрес и во име на прогресот мислам дека овие прашања треба да се заклучат, да се затворат и брзо да отвориме прашање кои Република Македонија ќе ја поведат напред.

Ова не придонесува за добри меѓуетнички соседи, нема придонесеме и за добрите регионални односи. Ова се прашања кои ќе не оштетат сите нас. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен за збор е господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

Еве еден саат како ми олеснал малку на душата по моето сознание дека седницата е свикана за една ваква политичка игра или театар, а не била свикана  за нешто што било вонредно во 23 часот. Кога ми беше соопштено јас размислував дали да земам маскирна униформа и да доаѓам во Собранието, па не знаев дали е некоја воена состојба. Потоа помислив дека може да биде некоја друга вонредна состојба, затоа што може да биде и поплави и земјотреси и друго, па се јавував во Центарот за кризи кај вашиот Панде Лазаревски ама не можев никој да добијам таму, па го барав и Шабан, нашиот бивши колега ама никој не кажа ништо. Мислев тогаш да облечам и бела униформа и да одам да спасуваме она што може да се спасува.

**Трајко Вељаноски:** Вашиот координатор да сте го прашале, тој ќе ви кажел.Сепак си имате вие координатор.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Координаторот не беше известен на овој начин затоа што по она што беше доставено и објавено, колега Трајко Вељаноски испадна работата дека луѓето отишле дале изјава пред суд дека они ќе се јават таму редовно итн. и дека со тоа целата работа е завршена. Према тоа ние очекувавме дека оваа работа е завршена. Меѓутоа работава не само што не била завршена туку станува и се покомплицирана, затоа што ова сега се случува во ова Собрание претставува една шарада на демократијата. Ова е уште една од грешките од 100 чекори бидејки 100 закони беа донесени, ова е 101-иот чекор сега односно 101-ва грешка

господине претседателе на Собранието. И сето ова по мене е само една фарса која се случи овде во Собранието, која што фарса во својата еволуција понатаму медицински кажано би створила една нова мутација во организмот на Собранието, кое што нема терапија, како за сидата, а тоа е антидемократско функционирање на Собранието на Република Македонија. И џабе ќе зборуваме за наш напредок, како што колегата Рушити зборуваше, џабе ќе зборуваме за нашите интенции во евроатланските интеграции. И се друго ќе биде џабе затоа што овде очигледно е дека во позадина е чист класичен манипулативен политички договор.

Колега Вељаноски да не и се слоши на госпоѓа Поповска, или пак заспала.

**Трајко Вељаноски:** Продолжете вие слободно, ве слушаат сите. Сите ве слушаат, не се секирајте.

(Коментар на Лилјана Поповска од место)

**Ѓорѓи Оровчанец:** Во ред е.

**Трајко Вељаноски:** Особено што сте занимливи.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Нормално е да сум загрижен.

Обманата продолжува затоа што водовме вечерва дека имаме една ситуација да излезе висок функционер на ДУИ, практично член на Владата на Република Македонија кој вели дека целата оваа ситуација ќе биде политички изменаџирана. За какво судство станува збор, за што станува збор?

Станува збор за страв. Станува збор за плашење од соочување со реалноста од она што треба да следи. Најверојатно во овој период нема повторно да дојде до мерка притвор затоа што најавениот политички договор ќе биде и реализиран. Ама тогаш сите комити и војводи треба да се сетат дека Љубе Бошковски лежеше 4 години или 1618 дена во притвор за да излезе и да докаже дека е невин. Ама ги одлежа тие. Некој вели дека е тоа казна , некој вели дека е тоа притвор. Вие овде како колеги од коалицијата сами ќе си одлучите бидејќи јас во ваква политичка задкулисна игра во која го инволвирате Собранието не мислам да учествувам, затоа што ова што сега се случува е практично на ниво на политички криминал парекселанс. Имате комисија, па имате една изјава, па имате друга изјава, па од околу се мотаат работите и на крај ќе дојдеме до ситуација ова што го најави колегата Рушити, прашањето на Пандорината кутија и прашањето кое се поставува за Рамковниот договор и Законот за амнестија. Рамковниот договор го донесовме. Рамковниот договор го спроведуваме и не мислам дека со ова е загрозен Рамковниот договор. Тоа е една работа.

Втора работа, Законот за амнестија е донесен и тој закон за амнестија е валиден и по него многу луѓе со амнестирани. Овде зборуваме за хашки случај . Зборуваме за случаеви кои што се надвор од амнестијата, затоа што нема амнестија и нема застарување и нема бегање од правдата за случаи кои што базичниот елемент им е злодело против цивилизациајта против луѓето, а не против општеството. Општеството и така и така го сецирате како што стигнете. Значи ова дело не може да застари и ова дело не може да биде дел од амнестијата. Сега како утре ова ќе се изведе да овие судии едноставно кажат дека ова не треба да биде притвор односно ќе се изведе врз база на добрата волја на пратениците тоа ќе бидеме сведоци, меѓутоа очигледно дека е политички договор.

Која е цената на политичкиот договор. Дали се уставните промени, дали се други работи. Меѓутоа тој политички договор кога да е и како да е ќе биде јасен, а таков договор пред очите на македонската јавност ќе стане и транспаретен. Според тоа не можете со ваква манипулација, касна манипулација, во овие касни саати да направите обид овие работи да се премостат, заборават и едноставно да ја избегнете оштрината на јавноста. Јавноста за ова ќе сфати, без разлика на манипулаторите кои што во одредени медиуми се служат за да се прикаже вистината онаква како што сака да се виде.

Би напоменал уште една работа. Вакви работи каде што судството се става дефинитивно под нозе на политички договор се дефинитивно погубни за државата. Такви договори од судството прават она што никогаш не треба да биде. Со такви договори и со такво чувство немојте да ја замејувате македонската јавност дека ќе стигнеме таму каде што сме тргнале. Ќе стигнеме само во некој понор од кој што понатаму не ќе знаеме како да се извлечеме. Затоа одлуките треба вие да ги донесете за да ја прекинете политичката манипулација која ја спремате и тие одлуки да бидат валидни за да може да одиме понатаму. Одговорноста е ваша.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам претседателе.

Забележувате дека не ве велам почитуван претседателе, затоа што едноставно срамот кој што го нанесувате на ова Собрание со закажувањето на седници во касните, ноќните саати навистина не заслужувате да ве велиме почитуван претседателе.

Ќе се обидам накратко да дискутирам околу извештајот, да не одземам многу од времето на другите дискутанти, меѓутао би почнал со тоа да ви дадам едно едноставно прашање дали сте вие тој истиот човек, актуелен претседател на Собранието на Република Македонија кој што пред два или три дена како ученичe пред евроамбасадорите се извинуваше на целата македонска јавност за сите донесени закони по итна постапка. Дали сабајле можете во огледало да се погледнете и да си кажете што се кажавте пред два три дена, а повторно закажувате седница во 23 часот порака. Навистина ќе треба многу брзо да одговарате за вашите постапки и за срамот кој што го нанесувате на ова Собрание...

**Трајко Вељаноски:** Имате можност согласно Деловникот да предложите точка...

Јас можам и да ве исклучам, но продолжете по точката на дневниот ред. Продолжете.

**Горан Минчев**: Ве молам да не ме прекинувате, ќе продолжам по точката, меѓутоа мора да и соопштиме на цела македонска јавност каков претседател е на Собранието, а подоцна ќе зборувам за претседателот на оваа комисија.

Сега околу точката на дневен ред односно извештајот што е пред нас, кој што вели:" Барањето за одобрување притвор на пратеникот Џемаили Хисен од село Вејце-Тетово.." врз основа на член 53 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го доставува следниот извештај. За каков извештај зборуваме и за каков потпис на претседател на комисија зборуваме. Се работи за класичен фалсификат, за одлука која што комисијата не ја донела. Пред очите на целата македонска јавност младиот и неискусен колега Николовски кажа дека понатамошната дискусија на таа комисија е беспредметна. Се надевав дека вие како искусен правник, читајќи ја вашата биографија ќе го подучите или ќе го предупредите на грешките кои што следат понатаму, меѓутоа за жал тоа не се случи.

Во рамките на овој извештај имаме потпис од еден пратеник кој што е класичен фалсификат, кој што верувам дека во некоја идна постапка на одземање на имунитет ќе се најде младиот колега Николовски, затоа што оваа одлука односно овој извештај воопшто не е донесена на Комисијата.

Сега околу процедурата како би требало да тече сценариото, или пак состанокот на самата Комисија.

Кога претседателот на Комисијата кажа дека тоа е безпредметно заборави да каже дека безпредментно станува оној момент кога судот ќе го повлече барањето за притвор, а не со изјавите на пратениците на кои што им се одзема имунитетот. Тоа е преседан навистина во работењето на Собранието, за кој што истакнатиот експерт и професор на Правниот факултет, професорот Фрчковски имаше една колумна "Сава и космосу" тој велеше. Овде сега се наоѓаме во една ситуација каде што можеме да кажеме Александар Николовски во свемир, меѓутоа и тоа е малку за дигнитетот на таа Комисија и посебно на Собранието и очигледно сме сведоци на еден политички договор кој што ќе видиме како ќе се развива во следните денови.

Имунитетот е само ослободување од притвор. Тоа не го спречува пратеникот кој што се бара за некое кривично дело да оди на суд, да се јавиува и процесот да трае. Меѓутоа денеска со носење на одлука, претпоставувам, за одземање на имунитетот на пратеникот и негово одење во притвор ќе направите уште еден преседан во Собранието, меѓутоа политичкиот договор е поважен од сите правни норми кои што ги пропишиува и Комисијата и Собранието. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господин Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Веќе во новиот ден, 00, 35 минути многу е смешно самиот факт што во ова време се одржува седница, размислував дали постоеле алтернативни саатници, дали тоа можеше да се направи утре и во недела, во нормално време, 11-12 часот, но ми текна дека во тоа време треба да идат репризата и новата емисија на фармер каде што главни улоги се како истакнати земјоделци Никола Груевски и Зоран Ставревски и на наместени прашања и лажни бројки треба да ги слушаме по 20 саати, веројатно затоа сфатив дека ова време, во ноќната програма на МРВТ, за добра ноќ треба да се закаже оваа седница на Парламентот, која што апсолутно можеше да има сосема поинаков тек.

Но, самиот овој чин, кој што е дел од сценариото покажува дека нешто друго е позадината. Зошто го велам ова.

Од понеделникот започнаа брифинзите и спиновите по медиумите по овие случаи. Се чекаше политички договор меѓу Груевски и Ахмети. Искрено мислев дека тој ќе го направат многу порано, понеделникот, вторникот, ама очигледно нешто не беше како што треба. После сфатив дека согласно воспоставената пракса кога се случуваат сериозни крупни потези во оваа држава Груевски не е внатре, не е дома, тој е надвор. Така е и овој пат. Надвор од државата е бидејќи не дај боже некој да го начека и да му побара изјава. Значи тој со самиот чин што одлучи на пратениците од ВМРО ДПМНЕ да им рече направете го ова во 23 часот, во петок, очигледно бега од своето изјаснување визавиви оваа ситуација.

Ама затоа за "Фармер" 35 пати ќе дадете изјава или за Законот за јавна чистота. Мислам дека јавноста тоа апсолутно може да го види. Значи сценариото е воспоставено и договорено, ова треба да се направи не за да се запази правната држава или не дај Боже да се очекува некаков исход од овие случаи. Не, мислам дека пристапот е како да се изгаси овој пожар кој што веќе очигледно постои во владината коалиција. И сосема е легитимно да разговараме за сценаријата бидејќи на оваа седница и со оваа одлука апсолутно не е приоритет ниту на Владата ниту на ова Собрание да почитува правна процедура, ниту пак да има некој свој дел од целата процедура поврзана со овој случај, туку едноставно да ги реализира сценаријата.

Жалам што за ваква крупна работа пратениците од ВМРО-ДПМНЕ како по дефиниција молчат. Кога требаше да се одзема имунитетот на Бучковски, тоа беше направено пред Илинден и со истакнато учество на три пратенички тука, да не ги споменувам, кои не само што направија кариера, туку веројатно имаат и други ќареви. На нелегитимен начин се одзема во тој момент легитимитетот на Бучковски.

Втората ситуација е денешната, каде што сите вие велите, и во дописите е напишано дека било итно, а вчера Комисијата се закажа во еден термин, се откажа, во вториот термин пак се откажа, денес во третиот термин пак се пролонгира, за да на крај се чекаше 23,00 часот и се пушта од центарот легендарен на чело со Бичиклиски за комуникации во ВМРО-ДПМНЕ, наслови кои требаше да го релативизираат или амортизираат целиот случај и отвореното мое прашање до ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи не ја гледам Јанкуловска тука, веројатно некаде ловат пиратски ЦД-иња или оние кои се задолжени за овие случаи, да одговорат зошто се плашите да кажете дека вашата цел денес се потврдува, тоа е да го одземете имунитетот на овие двајца пратеници. Кога веќе тоа го правите, излезете и објаснете ги вашите ситуации, информации, мотиви и пристап во целата работа. Зошто толку страв?! Тоа ми покажува дека, бидејќи го правите на ваков таен, ефтин и конспиративен начин со лажење и манипулирање на новинарите и медиумите, а преку нив и на јавноста, дека има друга позадина. Едното сценарио е дека после оваа вечерашна одлука за симнување на имунитетот ништо понатаму нема да се случи, ниту пратениците ќе отидат во притвор, веројатно ќе се заташка случајот со некоја нова глупост што ќе ја измислите во следните 2-3 дена, од друга природа, закон за да се пишува со лева рака, како што во социјализмот, комунизмот на почетокот ги казнувале децата, уште тоа фали да го донесеме.

Второто сценарио е дека ова ви се смислени потези за провокација на ДУИ и дека крајната цел е ДУИ да биде принудена да ја напушти владината коалиција. За тоа претпоставувам информациите и ставовите ќе ги каже ДУИ, но тоа е легитимно сценарио. Како да посакувате да испровоцирате таков проблем за да ДУИ не е внатре, бидејќи по сите политички крупни прашања во овој момент вие немате иста позиција со ДУИ. За предлог - уставните измени за Изборниот законик немате иста позиција, за Изборниот законик имате различна позиција. Ситните работи воопшто не ги нотирам. За крупни политички теми вие со ДУИ имате несогласување. Можеби едно од сценаријата е ова да ја прелее чашата кај ДУИ да ја напушти владината коалиција, па да улетаат новите демократи во албанскиот блок на чело со послушникот Имер Селмани. Или пак има некое трето сценарио кое нема да го дознаеме вечерва бидејќи молчите, ама ќе го слушнеме во следниве неколку дена, а тоа е да дадете некоја концесија на ДУИ по некое прашање кое во овој момент не можеме да го размислуваме. Како и да е, тоа покажува дека пристапот не е сериозен во смисла на правна држава во која рамноправно учествуваат сите со правата и одговорностите, туку политичкото моделирање онака како што во дадениот момент одговара на владеачките партии. Впрочем и досега без да се бламира претседателот на судот дека разбрал од телевизија за колегата пратеник дека е пратеник, можел да увиди и да го повика да дојде едниот во истражната постапка на распит, вториот како дел од главниот распит. Посебно колегата кој што треба да учествува во истражна постапка, самите тие велат сакаме да дојдеме и да учествуваме. Со еден збор очекуваме развршница на целата оваа ситуација многу наскоро. Дали тоа ќе биде како што вели утрешен “Дневник” да се затворат хашките случаи со политички инструменти или ќе биде договор на некоја друга страна, тоа во овој момент ние не можеме да го предвидиме, можеме да го претпоставиме и да разговараме. Во секој случај должите - не вие претседателе, вие должите извинување за начинот на свикување на оваа седница, должи колегата Николоски, кој што е политиколог во постапка, да се извините затоа што медиумите се изманипулирани. Колегата Минчев рече дека ваквиот Извештај на Комисијата е дефакто фалсификат, бидејќи кога јас го прашав колегата Станковиќ дали гласавте за одобрување на мерка притвор, тој ми рече не, ние гласавме за некој заклучок кој што никој не го свати. Со еден збор манипулирате со многу крупни работи, исто како што во претходниот состав кога се одземаше имунитетот на Бучкобвски на ист начин, шпионски го направивте со манипулирање и фалсификат, ја донесовте таа одлука. Премногу е сериозна оваа работа за да мислите дека со молчење, смеење и во 00,45 часот така лесно ќе помине не само во медиумската јавност, туку генерално во следната фаза на Република Македонија, бидејќи ако ова е фактура која ја испоставувате вие на ДУИ, претпоставувам дека и тие ќе ви испостават некој вид на фактура за која допрва ќе видиме колкава е. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Ќе се обидам во 10 минути да укажам на штетните последици од оваа заблуда што сака да ја наметне ВМРО-ДПМНЕ како дел од нивната програма “отекуваме” во 100 чекори.

Имено, под еден, нормалните луѓе во една држава одат на работа од 8,30 до 16,30 часот, не стануваат во 12,00 часот како премиерот и не работат во петок навечер, туку се посветуваат на семејството ценејќи ги вредностите, ако сакате реално да го цените семејството и пријателите. Нормалните луѓе што работат во една држава и кои го чекаат викендот за одмор, утре сабајле со утринското кафе ќе прочитаат дека пратениците на ДУИ избегнаа притвор, ќе прочитаат дека тројцата пратеници на ДУИ се откажаа од имунитетот бидејќи расправата беше беспредметна, како што кажа Александар Николоски.

Ве молам, стопирајте го времето да се врати предлагачот, не го гледам во салата. Господинот Николоски е предлагач на точкава.

**Трајко Вељаноски:** Предлагач на точката и барањето го има поднесено надлежниот суд, господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Па добро, судот, донесете го истражниот судија ве молам, предлагач немаме по точката тогаш. Го прифаќам ова што го кажа Шамбевски.

**Трајко Вељаноски:** Тој е известител на матичното тело.

**Јани Макрадули:** Ама нели како предлагач му дадовте збор претседателе.

**Трајко Вељаноски:** Како известител на матичното тело.

**Јани Макрадули:** Не треба да биде присутен овде тој? Прашувам.

**Трајко Вељаноски:** Продолжете.

**Јани Макрадули:** Се извинувам, "Вечер" фатив по грешка во рака. Тие веројатно кажаа точно што се случува, ама нема потреба да се валкам.

Ако сакате да повторам уште една работа што сум ја кажал многу пати досега, јас тврдам и се кладам дека многу пратеници, скоро сите на ВМРО-ДПМНЕ, не го прочитале Деловникот, новиот, вашиот. За жал, не го прочитал и господинот Николоски Александар, кој што во членот 120 вели: "Претседателот на работното тело за свиканата седница ја известува Владата" и затоа претседателе, има логика да ја бараме Владата овде, јас го барам тоа од вас односно од господинот Николоски бидејќи писмото со кое тој ја известил Владата, бидејќи тоа го вели во вашиот Деловник.

Или одиме понатаму. Член 128: "Работното тело зазема став со мнозинство гласови од присутните членови", или во член 131: "Записникот од седницата", пишува: резултатите на секое гласање, при што зависникот е потпишан од секретарот и претседателот на работното тело. Овој записник почитуван претседателе на Собранието, не е потпишан од секретарот на работното тело, бидејќи е фалсификат, од господинот Александар Николоски бидејќи не е согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Нема резултат од гласањето, бидејќи резултат од гласањето и немало, бидејќи гласање и немало. Нема претставник од Владата бидејќи не е ни пратени допис и нема различно мислење, бидејќи не им дале шанса на другите пратеници присутни на Комисијата да кажат нешто бидејќи рекле дека е беспредметно.

Јас се прашувам, ако по член 128 претседателот на работното тело го потпишува извештајот и е одговорен за неговата веродостојност, каде е одговорноста на господинот Николоски.

Јас знам дека во изминатите две години многу често го користев зборот "лажам" и за тоа сум добивал пријателски критики. Денес министерката за внатрешни работи во својот познат стил од стратегијата и кампањата "отекуваме" кажа, според Уставот, законите и Деловникот дека нема стигнато до неа барање за потрага или за потерница. Еве што вели истражниот судија во дописот што сте ни го дале: "До Министерството за внатрешни работи на Република Македонија", претпоставувам тоа е сеуште Министерство за внатрешни работи, "Инспекторатот за потраги од страна на истражниот судија доставена е наредба за издавање потерница". Значи портпаролот на Министерството Гордана Јанкулоска, бидејќи друг е министер, тоа го знаеме сите, ја излажа македонската јавност, јас не можам да најдам друг збор дека неа нема доставено барање за потрага и сега како тоа ќе го прекриеме, ќе ја одложиме седницата еднаш да два часа, еднаш за 4 часа, еднаш за цел ден, за да може господинот Ахмети со господинот Груевски да направат политички пазар. Судските постапки, за жал, влегоа да се решаваат со политички договор. Ова не е мајски, ова е септемвриски договор за решавање на судските постапки. Ако ова за жал, каде што жртви ќе бидат работниците на "Маврово", ако ова е за жал каде што жртви ќе бидат цело Куманово, ме интересира како ќе се реши четвртиот хашки случај, водството на ОНА. Да видиме кој пазар тогаш ќе се направи, за да може преку ноќ - или таа седница ќе биде закажана во 0,4 часот наутро во друга држава каде што нема струја, за да можеме да го разгледаме и така јавноста можеби не ќе дознае.

Јас им се чудам на новинарите кои се потпишале под текстовите на утрешните весници, на лажна информација што им ја дал претседателот на Комисијата, на работното тело, а никој не го овластил да работи против закон и против Деловник. Цела македонска јавност дозна дека Министерството за внатрешни работи преку портпаролот Гордана Јанкулоска го држеше господинот Заев во кола 45 минути, за да дојдат камерите да го сликаат во лисици, а тука правите циркус од Собранието и го ставате заложник на вашите мајски, септемвриски, мартовски или не знам кои и какви договори. И никогаш после да не се чудиме зошто Европската комисија вели лош ви е извештајот за Македонија затоа што немате реформи во судството. За Деловникот ме радува што се согласивте да го промениме, бидејќи тоа јавно го кажавте, но судските реформи се број еден. Ама кога судските инстанци ги заменувате со политички одлуки, за жал, не можеме да се надеваме на некој напредок. Господа, за овие работи за да не одите во притвор, треба да кажете дека ќе се јавувате на судот, ама тоа важи ако сте во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Ако сте Зоран Заев, ако сте човек од СДСМ, тогаш ќе се направи се, само за да отудете во притвор. Е така судството мислите дека добро ви оди на вас, ама тие што го оценуваат, тие што го мониторираат добро знаат дека така не се исполнуваат условите што ни се дадени и далеку од тоа да се надеваме дека можеме да добиеме позитивен извештај.

Затоа, почитуван претседателе, овој извештај што е даден без да ги исполни условите, без да ги исполни одредбите од Деловникот, отвора сомнеж дека можеби и тоа е дел од пазарот што го имаат како почетен направено ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, да падне на процедурата, бидејќи овој извештај не ги исполнува условите од Деловникот. За одговорноста на господинот

Николоски веројатно ќе разговараме во блиска иднина, но тоа не ни вреди нам ако како Македонија, ако како држава не ги исполниме основните услови за владеење на правото, за дистинкција меѓу законодавната, извршната и судската власт и ако министерот за правда ни е во исто време и министер за правда, и креатор на политиката во судството, и избирач на роднини, судии, на членовите на ВМРО-ДПМНЕ.

Она што посебно ме загрижува е тоа што ВМРО-ДПМНЕ условно кажано како најпатриотска, а знаеме, за тоа зборуваа и другите колеги, не собра ни сили господинот Николоски да каже дека се бара да се одобри мерка притвор. А кога стана збор за пратеник од СДСМ, кога беше тоа случајот со господинот Бучковски, тогаш со фонт 20 го пишувавте тоа, ликуваа овде пратениците од ВМРО-ДПМНЕ дека некој од СДСМ ќе оди во притвор. Тогаш не ви пречеше тоа, ама сега зборот "притвор" ви го нема. Затоа што и тоа е веројатно дел од пазарот, сте седнале заедно да напишете како да изгледа овој заклучок. Заклучок кој што не го виделе медиумите, заклучок кој што не го виделе членовите на Комисијата, иако во Деловникот пишува дека мора да го видат и за тој заклучок да гласаат. И сега ќе се најдеме во една ситуација каде што политичкиот договор меѓу ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ ги става во заложништво - не Собранието, тоа го стави веќе со предвремените избори, туку го става и судството во едно заложништво кое нема сили да ги промени работите.

Затоа, од овде апелирам ако опозицијата има дел во креирањето на извештајот за Македонија, ги повикувам сите свесни независни судии што си ја сакаат Република Македонија јавно да се приклучат на борбата за независно судство и добивање позитивен извештај од Европската комисија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика се јави господинот Николоски Александар, повелете.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Од неколку говорници, вклучително и од господинот Јани Макрадули, немајќи очигледно други тези се оспорува процедурата и јас би сакал да појаснам некои работи, за да можеме понатаму квалитетно да дискутираме, односно да не дискутираме за процедурата, освен ако немаме за што друго да дискутираме.

Прво, согласно Уставот, член 64 став 2: пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење и за гласање во Собранието.

Став 3: Пратеникот не може да биде притворен без одобрување на Собранието, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

Новиот Деловник во член 53 став 5 вели: Претседателот на Собранието барањето за одобрување притвор, односно известувањето дека пратеникот е притворен веднаш го доставува до Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања. Комисијата е должна да го разгледа, повторувам да го разгледа барањето, односно известувањето и во рок од два дена да достави извештај, а не записник, значи повторувам извештај а не записник како што рече господинот Јани Макрадули, извештајот е поделен, до претседателот на Собранието.

Член 54 став 1: Врз основа на Извештајот, Извештајот, а не записникот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, Собранието најдоцна во рок од три дена од добивањето на барањето за притвор на пратеникот, одлучува по барањето.

Во овие два члена од Деловникот и еден член од Уставот, е содржан сиот одговор на сите процедурални забелешки кои што ги имате, граѓаните кои што не следат се доволно паметни и знаат да ги слушнат и да ги разберат и им е многу јасно што се случува. Вие можете и понатаму да политизирате, да кажувате приказни, да си ги вртите работите, ама фактите се тие кои што се и за жал, за вас во моментот се немилосрдни. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господиниот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам господине Николовски, пропуштивте од Уставот да прочитате за презумкцијата на невиност и за времетраењето на притворот и затоа извинете му се и на господинот Заев и на господинот Лазаров што ги прашавте колку време се во притвор.

Јас читам што пишува во вашиот Деловник, тоа што вие го гласавте, а го немате прочитано.

Член 128, работното тело зазема став со мнозинство гласови од присутните членови. Во записникот се внесуваат имињата на присутните и отсутните членови. Резултатот на секое гласање, Записникот усвоен од седницата на Работното тело го потпишуваат претседателот и секретарот на Работното тело. Затоа, господине Николовски приказните завршија, отекувате, програмата продолжува, ама вие имате одговорност, како претседател на Работното тело, зошто не сте го почитувале вашиот Деловник и не сте ги исполниле условите од Деловникот и сте направиле манипулација, фалсификат, без разлика што тоа е дел од програмата, отекуваме на ВМРО-ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Има збор господиниот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани медиуми.

Ние парламентарната група на ДУИ го подржуваме ставот на пратениците на Хајрула Мисими и Хисен Џемаили, кои што се изјаснија пред судиите дека се подготвени да не се повикуваат на нивниот пратенички имунитет и ќе

ја докажат нивната невиност во однос на неоснованите обвиненија, како и другите кои се опфатени во овие 4 случаи.

Ние како парламентарна група, остануваме доследни кон нашите ставови, кои што сме ги покажале досега дека треба да се почитува Законот за амнестија. И ние со целосна единствност се изјаснуваме дека нема да подржуваме едно вакво барање кое предизвикува повреда на законските одредби на Законот за амнестија, кој што беше усвоен во март 2002 година. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Горан Мисовски, повелете.

Бидејќи не е тука колегата, го губи правото за збор.

Следен за збор е господиниот Зимбери Абедин, повелете.

**Абедин Зимбери:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Еден дел од мојот говор го кажа и колегата Сулејман Рушити, кој дојде до зборот "пандорина кутија", за која нешто навистина, не би сакал вечарва, не само вечерва, туку никогаш да говорам за дел од "пандорината кутија" која ја спомна мојот почитуван колега.

За почеток, очекував многу рано политичкиот субјект ДУИ, по завршувањето на конфликтот, неколку пати да покрене постапка за многу случаи на Албанците кои се случија во карадачието и на други подрачја каде што се случи конфликтот, но за жал, никогаш ова не се случи и никогаш не е спомант ниту еден случај, кој за жал, има многу случаи кои имаат донесено болки во семејствата на Албанците во целос.

Оваа "пандорина кутија" е еден од случаите. Ако влеземе во една вакква тема, излегуваат многу други проблеми, кои во кратки точки ќе ги спомнам за кои имаме сведоштва целосни, дека во општина Липково, посебно во текот на наредбите кои ги бараше поранешниот претседател Трајковски, сите жители од општина Липково, да го напушта подрачјето кога почна конфликтот и граѓанско население, цивилно кое настојуваше да го напушти подрачјето се пречекаа по пунктовите каде имаше и деца и млади момчиња, стари и беа физички малтретирани и од многу случаи како случајот во Матејче каде матејчани го напуштија селото исто така исто кога специјалните единици го нападнаа Гушинце и таму го малтретиле цивилното население и јасно имаме снимки каде е напишана буквата М на грбот и случајот на Ируница каде воено-полициски единици го нападнаа Брест и силуваа млади девојки и ги зедоа со хилихоптер ги испратија во Куманово. Заборавивте дека во тоа време во моето семејство се убиени десет члена од моето семејство, деца, жени, 32-ца беа ранети, некои со поголеми, некои со помали рани. Заборавивте дека во таа зона имаше над 30 илјади жители постојано три месеци беа гранатирани по 24 часа од полицијата и македонската војска. Вие покренувате постапка за Липковската брана каде за жал, не сме ние такви кои сакаме Куманово да нема вода, но вината ќе излезе на друго место и јас сум сигурен дека за тоа ќе положат сметки некои од македонските политичари дека од војската тие ја прекинаа Липковската брана и никогаш ниту Парламентот, ниту поранешните влади никогаш не покренале постапка за тие жители кои во текот на трите месеци во борбите беа во нивните подруми, деца, жени, старци кои немале ниту вода за пиење, ниту леб, туку се говори за едно население кое е само 8 или 10 дена немале вода за пиење. А 30 ијлади жители имаат две брани и ден денеска и никогаш до сега не ја вкусиле водата и ден денеска немаат вода за пиење од тие брани, туку од таа вода се снабдуваат селата од Липково и македонски села. Ова е нешто интересно и болно никој до денес не ги знаел овие нешта за кои имам сведоштва и ако има потреба ќе ги донесам на ЦД и жртвите од војната жени и деца и ќе им ги поделам на сите пратеници да знаат што се случи во Карадочието. И денес е смешно кога се покренуваат постапки кога се крши Законот за амнестија кој е пред мене и се говори за состојби кои се смешни за Липковската брана. Се обвинува Хајрула Мисини кој не е виновен и нема вина за овој настан. Во овој настан се виновни македонските сили кои ја спречија водата, а ние не бевме во состојба да интервенираме. Има други случаи како случајот на Ваксинци, кога населението го напушти селото, луѓето се фатени во полициските пунктови во Речица каде што од малтретирањата и тортурите на цивилното население како последица на тоа малтретирање почина и оџата од Ваксинце Мула Реџепи. Има други случаи кои сега не сакам да ви одземам време и да ги спомнам можеби ќе имаме други случаи да ги спомнам, но ова е едно кршење на Законот за амнестија бидејќи ние сите молчевме во овие случаи со цел да создадеме позитивна клима во Македонија и да не се враќаме на конфликтот во 2001 со услов секоја година да ги заборавиме тие ужасни настани кои беа и се случија во конфликтот 2001. И токму во периодот кога ние сите сме ориентирани кон патот за да се зачлениме во Европската унија и во другите структури, ние отвораме прашања кои мислам, ова е мое лично мислење, ова не води кон една дилема дека се прави еден политички гест со цел да се деконцентрира албанскиот субјект, или албанското население за направените грешки за досегашните донесени закони во овој Парламент.

Го слушнав колегата Рафис Алити кој кажува дека ДУИ подржува овие лица да се јават на рочишта. Мислам дека со самиот факт дека велат вака и сноси одговорност ДУИ дека и овие го прекршуваат Законот за амнестија. Мислам дека овој Парламент треба да ја прекине оваа седница и да ги прекине сите овие манипулации со или без договор, не сакам да се впуштам во такви нешта, туку со цел и создавањето на овој нов субјект самиот збор Нова демократија имаме за цел да создадеме една клима во Македонија за да

живееме заедно, да создадеме една клима за соработка меѓу заедниците и со носење на закони кои се во интерес на сите граѓани на Република Македонија да чекориме напред, а не да носиме закони или селективни санкции на еден дел од Албанците, да ги обештетиме додека другиот дел не. Јас не знам дали има Парламент во светот кој носи еднострани закони за една националност, а за другата националност други закони. Јас толку имам во моево излагање. Се надеваме дека Парламентот ќе го земе во предвид моето излагање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Предлогот на Комисијата за деловнички, мандатно и имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, Собранието да го одобри Барањето на Основниот суд Скопје 1, заведено под римско еден КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, за гласаа 70 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го одобри Барањето на Основниот суд Скопје 1 заведено под римско еден КОК број 32/08 од 23 септември 2008 година.

**Минуваме на точка 2 - Барање за одобрување притвор за пратеникот Хајрула Мисини од Куманово поднесено од Основниот суд Скопје 1, заведено под римско 1 КИОК број 25/08 од 25 септември 2008 година**

Барањето на Основниот суд на Скопје 1 заведено под римско еден КИОК број 25/08 од 25 септември 2008 година и Извештајот од Комисијата за деловнички, мандатно и имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија ви се поделени.

Врз основа на член 54 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија Собранието најдоцна во рок од три дена од добивањето на барањето на Основниот суд Скопје 1 одлучува по поднесеното барање.

Отворам претрес.

Пред да започнеме со претресот ве молам и барам од вашите дискусии да се воздржите од квалификации и оценки со кои на пратеникот, а со тоа и на Собранието ќе му се наруши уставната положба, ќе доведе Собранието да навлезе и да ја повреди независноста и самостојноста на судската власт, како и да се навреди и наруши личноста и дигнитетот на функцијата пратеник. Доколку не се придружувате кон овие укажувања ќе бидам принуден согласно член 90 од Деловникот на Собранието да му го одземем зборот на говорникот.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по претресот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор се јавија господиниот Николовски Александар, господинот Селмани Имер, господинот Бучковски Владо и господинот Адеми Џеват.

Има збор годинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Јас се јавувам како известител од Комисијата. Имено Комисијата за деловничко, мандатно и имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 септември 2008 година го разгледа Барањето за одобрување притвор на пратеникот господин Хајрула Мисини од Куманово под број римско еден КИОК број 25/-08 од 25 септември 2008 година поднесено од Основниот суд Скопје 1 истражен судија Сеат Реџепагиќ и врз основа на член 53 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го достави Извештајот кој ви е поделен. Во расправата покрај претседателот учествуваше и пратеникот господин Хајрула Мисини кој во својата дискусија изјави дека по однос на Барањето на Основниот суд нема да се повикува на пратеничкиот имунитет кој го има како пратеник во Собранието на Република Македонија и дека на поканите на судот на закажаните рочишта уредно ќе се јавува.

Согласно дискусијата на пратеникот господин Хајрула Мисини Комисијата за деловнички, мандатно и имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија му предлага да го одобри Барањето поднесено од Основниот суд Скопје 1, истражен судија Сеат Реџепагиќ заведено под римско еден КИОК број 25/08 од 25 септември 2008 година. Во исто време за да не ни се случува погрешна насока на дискусиите кои што претходно ги имавме, би сакал да го прочитам членот 64 ставот 3 од Уставот кој вели дека пратеник не може да биде притворен без одобрение на Собранието освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишано казна затвор во траење најмалку пет години и да го прочитам членот 53 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија кој што вели дека претседателот на Собранието Барањето за одобрување на притвор односно известувањето дека пратеникот е притворен веднаш го доставува до Комисијата за деловнички, мандатно и имунитетни прашања. Комисијата е должна да го разгледа Барањето односно известувањето во рок од два дена да достави извештај до Собранието на Република Македонија. Член 54 став 1, врз основа на извештајот на Комисијата за деловнички, мандатно и имунитетни прашања Собранието најдоцна во рок од три дена одлучува по Барањето за притвор на пратеникот. Овие членови сакав да ги прочитам за да биде јасно дека Комисијата работела и секогаш ќе работи единствено по она што се позитивни одредби во Уставот и во Деловникот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Селмани Имер, повелете.

**Имер Селмани:** Почитуван претседател на Парламентот, почитувани пратеници, дами и господа, почитувани новинари.

Денес, пред нас имаме неколку документи едно од нив е Барањето од судот за одобрување на притвор за господинот Хајрула Мисини. Исто така имаме извештај од парламентарната Комисија кој што извештај е доставен до Парламентот, до пратениците за да одлучат во однос на согласноста или на несогласувањето да се дозволи господинот Хајрула Мисини да се притвори. Исто така имаме информација дека господинот Хајрула Мисини се изјаснил дека ќе се јавува на судските рочишта, ќе дава свои докази и објаснувања. Меѓутоа мислам дека сето ова до тука е горе-долу врз основа на правилата, законите и процедурите кои што ја засегнуваат оваа материја. Меѓутоа, има нешто што е нејасно, несфатливо и надвор од законите, надвор од Законот за амнестија и Охридскиот рамковен договор, а тоа е дека предметите кои не се третираат од Хашкиот суд, да се третираат во судовите во Република Македонија.

Јас ќе гласам против ова барање од причини што сите сме работеле и работиме да се заборават раните од 2001 година, да не се продлабочат рабите од 2001 година и да бидат минато. Довербата што во последните години почна да се гради помеѓу Македонците, Албанците и другите етнички заедници, работејки во духот на Охридскиот рамковен договор, работејки во духот на интеграцијата на Република Македонија во НАТО и ЕУ, се плашам дека со овие чекори таа доверба, што некогаш изгледа крефка, да ја закопаме, да ја разнишаме и во моменти, кога има тешки и актуелни теми, како што е интеграцијата на Македонија во НАТО, добрососедските односи со соседните земји, тоа е актуелна тема. Исто така и признавањето на Република Косово од страна на Република Македонија, значи независноста на Република Косово што треба да се дебатира и да се признае од овој Парламент. Отворањето на овие теми, не сум сигурен дека сите ние го делиме мислењето или граѓаните на Република Македонија, мнозинството, не го делат мислењето дека е ова курсот или ориентирот што треба да го следи оваа држава, така и ние како граѓани на Република Македонија.

Одговорноста за политичкиот курс, сигурно дека ја имаме ние како политичари, како луѓе кои ги изгласал народот, ни дал легитимно право да одлучуваме за иднината на нашата земја.

Затоа, почитувани присутни, почитувани граѓани, без оглед на епилогот дали ќе има или нема да има притвор, дали ќе има и други личности кои ќе бидат притворени или нема да бидат притворени, самиот чекор на отворање на овие предмети со можност некој да биде притворен, мислам дека не е најмудрата и најпотребната работа што и треба на нашата држава.

Ова не е моментот и нема да биде моментот во кој што ние ќе треба да ги отвораме раните. Затоа што има многу рани од 2001 година. Сите ние поверувавме дека почнуваме да ги забораваме и дека почнуваме да работиме во насока на заздравување на тие рани и сите ние, на момнти, поверувавме дека сме дел од НАТО и дека сем блиску до НАТО. Ќе почнеме со преговорите за ЕУ, затоа што сме многу блиску до тие преговори.

Довербата помеѓу граѓаните на Република Македонија и довербата помеѓу етничките заедници треба, почитувани присутни, почитувани пратеници, да се гради. Затоа, уште еднаш апелирам до сите вас во овие посебни случаеви не да се дозволи притворот, туку овој Парламент да донесе одлука овие предмети да се третираат во согласност со Законот за амнестија што е многу јасен. Законот за амнестија на многу дециден начин вели дека сите случаи, предмети што се во однос на конфликтот до 26 септември 2001 година ќе се третираат со Законот за амнестија и сите случаи што Хашкиот суд ќе ги процесуира ќе бидат процесуирани само во Хаг. Овој случај и многу други класични случаи не се процесуирани во Хаг и не треба да се процесуираат во Македонија во судовите во Македонија. Односно, треба да се процесуираат само во согласност со Законот за амнестија.

Ние ќе гласаме против овој предлог. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓица Мехмети Ермира, повелете.

**Ермира Мехмети:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани пратеници, веќе е доцна и при крај сме на нашата енергија, но нормално учеството во вакви расправи е наша обврска, како претставници на граѓаните.

Внимателно ги сослушав аргументите на господинот Селмани и имам дилема. Ако неговиот говор има повеќе за цел и функција промовирање на новиот политички субјект, што сеуште нема парламентарна група во овој Парламент или пак навистина имаше за цел да им излезе во пресрет и да ги заштити двајцата колеги кои се од парламентарната група на ДУИ.

Прво, почитуван Селмани ние не треба и не смееме да работиме за да ја заборавиме 2001 година, како што рековте, туку треба да работиме да ја градиме државата врз начелата и духот на институциите што произлегоа од конфликтот во 2001 година, односно од Охридскиот рамковен договор, што дојде како резултат на настаните од 2001 година.

Говоревте за довербата. За мене, довербата, за која што говоревте, повторно е во однос на настојувањето да се промовира новиот политички субјект Нова демократија, што изгледа дека е во напредна фаза од вашиот политички субјект од кој штопроизлеговте. Но, сакам да ве потсетам на некои елементи, бидејки иако има заложби од ваша страна да дишете во еден нов дух и да се произнесете со нов дух или нова реторика, мислам дека минатото, блиското минато или

многу блиското минато не може да се заборави толку брзо од страна на јавноста.

Така на пример, во 2001 година беше токму ДПА или поранешната ваша матична партија на валст и токму во 2001 година основните судови издадоа потерници за двајцата наши колеги. Ако го прочитате барањето за притвор ќе ги видите датумите. Едниот е од 1 декември, а другиот од октомври 2001 година. Потоа, во 2006 година знаеме кој беше ставот на ДПА во врска со Охридскиот договор. Истиот став што го слушнавме во 2001 година па наваму, а тоа е одбивање, непријателство, двоумење за да се имплементира омраза кон Охридскиот договор. Така што вашите зборови ги разбирам како демагогија.

На самиот крај, во 2008 година, повторно поранешната ваша партија, во врска со што ве помнам повеќе како потпретседател на партијата донесе Закон за соработка со Хашкиот трибунал. Токму овој Закон создава законски простор случаите што се вратија од Хаг да се процесуираат во домашните судови во Македонија, ДУИ не го изгласа тој закон. Но, ДПА го изгласа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За контра реплика се јави господинот Селмани Имер, повелете.

**Имер Селмани:** Благодарам госпоѓо Ермира за вашата помош за промовирање на Нова демократија.

Само сакам да дадам една сугестија. Мојот став и нашиот став како тројца пратеници кои делуваат во рамкит ена Нова демократијата е дасе спречи процес што може да има домино-ефект, не само за актуелните пратеници, за кои што сега се бара притвор, туку овде во принцип се работи за процес што е во однос на настаните од 2001 година.

До колку се отвори расправа за можен притвор на пратениците, има уште многу други луѓе, многу други учесници од 2001 година кои можат да бидат засегнати. Сето тоа може да се одрази со еден рефлекс што не го посакуваме ниту ние како пратеници, ниту како Парламент, ниту како Албанци во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Колегата Сулејман Рушити се јави процедурално?

Повелете процедурално, само, согласно Деловникот, да кажете во што е повредата и што е процедурално. Повелете.

**Сулејман Рушити:** Да, се спомнуваше Нова демократија...

**Трајко Вељаноски:** Да, но не може тоа да е процедурално што се спомнува.

Кажете која одредба од Деловникот е повредена, за да продолжите.

**Сулејман Рушити:** Се спомна Нова демократија и госпоѓица Ермира Мехмети сеуште не смета како припадници на ДПА. Затоа мислам дека треба да се објаснат некои прашања. Тука е нашето процедурално барање.

**Трајко Вељаноски:** Што е повредатата? Што е одредба од Деловникот? Таа ја спомна и ДПА и ...

**Сулејман Рушити:** Повредата е поради тоа што ние сме претставници на Нова демократија.

**Трајко Вељаноски:** Па добро, таа кажа дека сте претставници на Нова демократија. Не гледам друго.

**Сулејман Рушити:** Па, добро.

**Трајко Вељаноски:** За збор се јави господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

При моето прво јавување спомнав дека имаме сосема два различни случаеви и така ќе го третирам случајот на колегата Мисини кој сметам дека погрешно дал беспредметна изјава, повикувајки се дека ќе се јавува на рочишта кога е во сосема поинаква фаза од колегата за кого претходно веќе беше донесена Одлука да биде одобрена мерката притвор.

Овде сеуште имаме истрага и никој не може да прејудицира дали ќе има обвинителен акт. Уште повеќе, ако внимателно го слушавте господинот Зибери кој посеа, според мене, редица на лаги. Но, тоа е работа на истражниот судија.

Некој да обвинува дека Армијата на Република Македонија во 2001 година на своето население му го попречила водоснабдувањето, за мене е една новина што ќе треба да се докаже. Изрековте, колега, можеби е тоа заради вашето искуство, груби клевети и лаги, според мене. Но, бидејки станува збор за истражна постапка, истражниот судија ќе треба да каже дали е така или не е така.

Затоа сметам, ако констатиравме дека имаме неискусен претседател на Комисијата, кој морал да направи дистинкција, за овде јас сум крајно резервиран дали треба да расправаме, уште повеќе што да 20,00 часот во недела има можност да даде исказ пред истражниот судија. Можеби истражниот судија нема ни да бара мерка притвор. Овде се гледа дека е проблемот што во 2001 година не можеле да го најдат колегата за да даде изјава, што е сосема спротивно со она за што претходно разговаравме.

Но, бидејки колегата не се потрудил, Николовски, да размени искуство со колешки кои имаат богато искуство, да речеме да ја праша поранешната претседателка на Комисијата Светлана Јакимовска, да ја праша легендарната Танчева-Тулиева или Анета Стефановска како да постапи. Тој е неискусен. Но, нели вие ги споделувате исксутвата и постојано нешто остварувате. Како овој трилинг на дами не му помогна на неискусниот млад колега да му каже овде да не се залетува и да не ја става оваа точка на дневен ред днеска. Затоа што нема потреба.

Јас сметам дека за оваа точка на дневен ред не треба да расправаме. Има време недоразбирањата и овде не вели истражниот

судија, го видов тој и тој пратеник. Сепак, овој колега пратеник е малку поафирмиран. Беше заменик директор во претходниот период на една важна институција, истакнат член е на ДУИ, така што имаме сосема различна ситуација, што според мене, ако беа консултирани овие легендарнид ами, колегата Николовски немаше вака да наседне.

Затоа би ви препорачал со колешката Јакимовска, Танчева Тулиева и Анета Стефановска малку да се испоконсултира и можеби ќе ни даде поинаков прелдог. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Збор има господинот Адеми Џеват, повелете.

**Џеват Адеми:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Треба јавно да се признае дека сите ние не се чувствуваме добро. Сите сме во една состојба што не би ја посакувале.

Еве, неколку дена, сите медиуми се занимаваат и ги озборуваат нашите двајца колеги. Прејудицираат и ги прогласуваат за виновни. Ја контаминираат средината и така не толку релаксирана со сценарија што некој од нас би сакал да ги види. Тие им се атрибуираат на јавните личности на пратениците кои, освен другото се и семејни луѓе. Имаат деца, родители.

И, што се случува, нашите двајца колеги, господинот Хисен Џемаили и Храјрула Мисини ги голтнаа овие навреди, го прекршија своето достоинство и рекоа да, ние сме овде, ние сме тука, никој не чукнал на нашите порти, никој не не повикал, никогаш не сме бегале. Ние сме овде, чисти, невини, навредени, но подготвени и во судска постапка да ја докажеме нашата невиност. Ве молам, ние денеска расправаме за еден налог на еден суд од 2001 година, за која институција со десетици извештаи се напишани дека е нереформирано, дека е корумпирано, дека е криминилизирано. И ние, 7-8 години работиме да го реформираме судството да биде компатибилно со европските стандарди.

Нашите двајца колеги велат да, независно што врз нас се прави неправда, што ни се искривуваат имињата, независно дека нам како личности, на членовите на семејствата, како политичари, граѓани, претставници на народот ни се врши неправда, ние сме подготвени да бидеме дел од ова решение. Не сакаме да бидеме проблем. Ако треба и ова да се случи, во Македонија да се случи дефинитивно помирување, овие наши коелги и ДУИ, Албанскиот народ е подготвен да ја плати оваа цена.

Затоа, нашите коелги ќе се јават на рочишта, затоа нашите коелги ќе ја кажат нивната одбрана. Ние сакаме да дадеме можност на судството да докаже дека е реформирано, дека е подготвено и стручно, професионално да го одели фактот од навредата, да го одели озборувањето од аргументите и да донесе правилна одлука.

Некогаш, во историјата, не само субјектите, не само политичките формации, туку и политичарите треба да носат смели одлуки. Тука Џемаили и Месини докажаа дека се подготвени да носат смели одлуки во прв ред за да ја заштитат чистотата на нивната личност. Во втор ред да го заштитат достоинството на нивното семејство. Трето, да го заштитат авторитетот и сериозноста на субјектот каде што се. Се за да докажат дека оваа држава сеуште има надежи. Дека оваа држава може да ги спаси институциите.

Затоа, почитувани колеги ние вечерва заседаваме, да докажеме дека сме дел од решавањето на проблемите, а не дека сме проблеми.

Затоа, почитувани коелги пратеници, господинот Рафис Алити рече дека ние нема да го пдоржиме барањето на судот за притвор на нашите коелги, бидејки веруваме дека во оваа држава треба да функционира законот и правната држава. Во март 2002 година овој Парламент изгласа Закон, лекс специјалист. Во овие моменти веруваме дкеа Законот за амнестија е јасен, дециден, транспарентен, без двоумења ја лекува раната од конфликтите во 2001 година.

Но, еве, имаме процедура. Имаме иницијатива. Имаме инстанца. Ние треба да докажеме дека е независно. Да ја дадеме таа можност на судството.

Затоа, почитувани колеги нема да гласаме за одземање на имунитетот, што нашите колеги го депонираа. Затоа нема да гласаме против нашите колеги, да се определи мерка притвор, бидјеки би биле против нашите ставови. Би биле против нашата верба во јасноста на Законот за амнестија.

Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања на Собранието на Република Македонија, Собранието да го одбори барањето на Основниот суд Скопје 1, заведено под И КИОК број 25/08 од 25 септември 2008 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, за гласале 65 пратеници, од гласање се воздржа 1 пратеник, против гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го одобри барањето на Основниот суд Скопје 1, заведено под И КИОК број 25/08 од 25 септември 2008 година.

Со оглед на тоа дека следната седница редовно е закажана на 6 октомври, дозволете ми од мое и ваше име, на припадниците на Бошњачката заедница во Република Македонија да им го честитам претстојниот празник 28 септември, Меѓународниот ден на Бошњаците.

Истовремено, на граѓаните на Република Македонија им го честитам претстојниот празник Рамазан Бајрам.

Бидејки дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 25-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши со работа во 01,38 часот)